РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
Agjencia për nxitje të zhvillimit të bujqësisë
Бр./Nr. 02-168/1
17.12 2020 год./vit
Битола-Manastir

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН
# ЗА 2021 ГОДИНА

на
Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

декември, 2020

# СОДРЖИНА

## Contents

*ПОИМНИК*.........3
*ВОВЕД*.........4
*1. МИСИЈА*.........4
*2. ВИЗИЈА*.........4
*3. ПРАВНА РАМКА И УСОГЛАСУВАЊЕ*.........5
*4. КОНКРЕТИЗИРАЊЕ НА ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АПРЗ*.........7
*5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ*.........8
*6. СТРУКТУРА НА АПРЗ*.........9
*7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ*.........10
*8. ТРАНСВЕР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА*.........11
*9. ДЕФИНИРАНИ БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2021 ГОДИНА*.........12
9.1. *ПРОГРАМА:10* Администрација-институционално зајакнување.........13
9.2. *ПРОГРАМА: 20* Совети-Давање советодавни услуги кон *ЗС*.........14
9.3. *ПРОГРАМА:30* ФМС-Систем за мониторинг на фарма ФАДН.........15
*10. ИСПОЛНИТЕЛНОСТ НА ПРОГРАМИТЕ*.........16
*11. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСПРЕДЕЛБА НА БУЏЕТ*.........17

# ПОИМНИК

АПРЗ - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
ИЗП - Индивидуални земјоделски производители
ЗС - Земјоделски стопанства
СУ - Советодавни услуги
УО - Управен Одбор
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МФ - Министерство за финансии
ИПАРД - Инструмент за пред-пристапна помош (IPA), петта компонента рурален развој (IPARD)
РЕ - Работна единица
РО – Регионално оделение
ИС - Информатички систем
ИТ - Информатичка технологија
ФАДН - Farm accountancy data network - Мрежа на сметководствени податоци за фарма
ФМС - Farm monitoring system - Систем за мониторнг на фарма
ЕУ - Европска Унија
АОП - Автоматска обработка на податоци
ТЕСП - Техничко-економски советодавни пакети

# ВОВЕД

Во согласност со Стратегијата за развој на земјоделството и реализацијата на реформите, АПРЗ има за цел да овозможува имплементација на примена на сознанија кај Земјоделски стопанства (ЗС) за подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика.

АПРЗ настојува советодавните услуги да бидат достапни до најголемиот број од претприемчиви, развојно-ориентирани земјоделци, но и до помалите и маргинализирани земјоделци. Квалитетот на обезбедените советодавни услуги во континуитет се подобруваат, а понудата се усогласува според потребите за развој на секторот и негова конкурентност.

Имајќи ја во предвид Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија, потребите на корисниците на советодавните услуги согласно барањата и очекувањата, развојните програми и сопствените капацитети, АПРЗ обезбедува свој придонес во развојот на земјоделството за зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на земјоделците и подобар и поквалитетен живот.

# 1. МИСИЈА

Развој на конкурентни и напредни земјоделски стопанства, преку информирање, советување, едукација и техничко-административна помош, почитувајќи ги принципите на добра земјоделска пракса и зачувување на руралните области преку негување на традицијата и обичаите.

# 2. ВИЗИЈА

Препознатлива и респектабилна институција која обезбедува професионални советодавни услуги насочени кон постигнување на ефикасно и конкурентно земјоделско производство и одржлив рурален развој.

# 3. ПРАВНА РАМКА И УСОГЛАСУВАЊЕ

АПРЗ е основана со посебен Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник на РМ 3/98, 43/14, 64/18 и Сл. Весник на РСМ 27/19). Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 114/09), вработените во АПРЗ од 01.01.2012 година имаат статус на државни службеници

Други позначајни акти според кои што АПРЗ се раководи во своето работење се: Законот за земјоделство и рурален развој, Законот за државни службеници, Закон за организација и работа на органите на државната управа, Закон за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделскии стопанства, Закон за буџетите, Закон за извршување на буџетот, Методологија за стратешко планирање и подготвување на годишна програма за работа на Владата на РМ и други законски и подзаконски акти кои што регулираат одредени сегменти од работењето на АПРЗ. Позначајни општи акти на АПРЗ кои што ја дефинираат нејзината структурна, организациона и функционална свера се: Статутот, Правилникот за систематизација, Правилникот за опис на работните места, Деловникот за работа на Управниот одбор, Правилник за работа и работни процеси, Правилник за формирање, функционирање и надлежност на координативните групи, Правилник за формирање и функционирање на стратешко тело и сл.

Согласно Законот за основање, АПРЗ е основана заради давање стручна помош на земјоделците и сточарите, а со цел зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство и негова поголема искористеност. Согласно моменталната генерална поставеност, Агенцијата ги врши следните дејности дефинирани во законот за основање:

1.Давање непосредна помош на земјоделците за примена на соодветни мерки:

-во поледелството, лозарството и овоштарството: воведување на нови технологии во одгледувањето, правилна употреба на ѓубрива, избор на видови и сорти, подигање и одгледување на насадите, поставување на демонстративни опити со нови сорти и технологии и сортни испитувања и

-во сточарството: упатување на примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување на правилна исхрана за добивање поквалитетни производи (млеко, месо, волна, јајца и друго);

2.Соработка со здруженијата на земјоделците и единиците на локалната самоуправа;
3.Насочување на земјоделските производители за производство на култури и производи според потребите на пазарот;
4.Непосредно извршување на дел од мерките за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој што се донесуваат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;
5.Давање насоки за развој на земјоделството врз основа на сознанијата на терен;
6.Пренесување на стручни сознанија до непосредните земјоделски производители, како и научно-апликативните достигнувања во земјоделското производство;
7.Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и разионално користење;
8.Вршење инструктажа, демонстрација за современи постапки за чување, преработка на земјоделски производи (од растително и животинско потекло) и подготовка за пласман;
9.Стручно оспособување на земјоделските производители преку одржување на советувања, семинари, курсеви и слично;
11.Организирање на натпревари за високи приноси, учествување на саеми и изложби, организирање на сточарски смотри и тракторски натпревари;
11.Подготвување на истражувачки предлози во земјоделството;
12.Воспопставување и користење на информативни системи во земјоделското производство;
13.Давање помош на земјоделските производители за установување евиденција во врска со земјоделското производство, негова рентабилност и економичност;
14.Изготвување на информативни и рекламни списанија, брошури, памфлети, прирачници во кои би биле опфатени новитетите од домашни ни странски извори на информации од областа на земјоделството и
15.Други стручни и апликативни мерки за кои ќе се јави потреба.

Со Законот за за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделските стопанства во активностите на АПРЗ се допрецизира обврската на АПРЗ за прибирање на сметководствени податоци и воспоставувањето на ФАДН во Македонија. (Сл. Весник на РМ бр. 110/07,53/11).

# 4. КОНКРЕТИЗИРАЊЕ НА ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АПРЗ

**Насоки во развојот**

- Поддршка во развојот на земјоделското производство според специфичностите на регионално ниво;
- Континуитет на воспоставено сметководство на фарма и имплементација на Европскиот FADN (Farm Accountancy Data Network);
- Создавање услови за флексибилна и пазарно ориентирана рурална економија преку развојот на земјоделското производство;
- Воведување на вкрстена сообразност кај земјоделските производители како задолжителни постапки за обезбедување на заштита на животната средина, човековото здравје, здравјето на животните и растенијата и благосостојба на животните;
- Намалување на влијанието од климатските промени во земјоделството;
- Спроведување на владини мерки и проекти од поширок интерес за државата;
- Зајакнување на АПРЗ како линк помеѓу науката и теренот со ЗС, како и зајакнување на соработката помеѓу земјоделските производители со преработувачите, потрошувачите и другите учесници во ланецот на земјоделскиот сектор;
- Информираност и поддршка во аплицирање на ЗС до претпристапните фондови на ЕУ;

**Потреби и цели на АПРЗ**

- Ревидирање и имплементација на функционалната анализа на АПРЗ
- Усогласување на организационата структура со новиот Статут на АПРЗ (Сл. Весник на РСМ бр. ).
- Процеси на активности за управување со квалитет, обезбедување со ресуси, реализација на производ, мерење, анализа и подобрување и контрола на процесите
- Документирани постапки, записи, изјави за политика на квалитет и цели со обезбедена контрола на документацијата
- Менаџмент со персонални ресурси, компетентност, обука, свест, инфраструктура, работна средина
- Организациониот развој на АПРЗ со фокус на подобрување на советодавните услуги – способноста да се даде соодветен совет за различни категории на фарми
- Насоченост кон корисниците

- Користење на податоците на ниво на фарма и руралните средини (економски и физички параметри)
- Нови вработувања, (етапно во три години согласно потребите на теренот)
- Едукација на вработени согласно програмата за човекови ресурси во согласност со стратешките цели (обука за статистичка обработка на податоци, нивна анализа и начин на ефикасно користење, ефикасност на користење на агрометереолошки станици, примена на нови техничко технолошки сознанија во земјоделството и сл)
- Компатибилност на системот за ФАДН и системот за СУ – националниот советодавен сервис преку институционална соработка
- Реален Буџет и негово оптимално искористување согласно планирани активности
- Проектна и владина поддршка

# 5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ

АПРЗ како орган на државната управа има својство на правно лице во функција на креирање и давање висококвалитетни советодавни услуги во земјоделството што резултира со директна и индиректна поддршка и резултат во:

- Подобрување на едуцираноста кај ЗС;
- Интеграција во ЕУ;
- Постигнување зголемен економски раст, вработеност, пораст на животниот стандард, конкурентност, квалитет на живеење.
- Обезбедување национални советодавни услуги со територјална сеофатност: рамномерен развој, социјален пристап, регулатор на советодавни услуги, развојни насоки во квалитет, квантитет со профитабиност на ЗС и руралниот развој
- Усогласување и примена на реформските активности во АПРЗ во согласност со Владините приоритети
- Функционална база на податоци за СУ и функционална база на податоци од физички и економски параметри од ЗС и опкружувањето во руралната средина како предуслов за организирано земјоделско производство кај индивидуалниот сектор

Во насока на компатибилност со стратешките цели и приоритети на Владата на РСМ и нивно ефикасно реализирање, АПРЗ е устроена како Јавна советодавна служба на национално ниво.

АПРЗ директно помага во процесот на креирање на политики со што овозможува самите политики да бидат што е можно пореални и да ја отсликуваат потребата од теренот. Советникот кој што е во постојан контакт со земјоделците добива изворни информации за состојбите од теренот, а таквите информации чија што релевантност е неспорна, можат да бидат искористени од други чинители во креирање на реални политики во земјоделскиот сектор.

# 6. СТРУКТУРА НА АПРЗ

Во имплементацијата на советодавните услуги од страна на Агенцијата во многу придонесуваат расположивите капацитети, особено организационата поставеност која опфаќа 30 работни единици групирани во 6 региони и 34 привремени стручни дисперзирани канцеларии, кои според потребите и барањето на земјоделците во одредени општини и рурални средини функционираат со прилагодливо работно време.

Агенцијата 2020 година ја започнува со 100 редовно вработени и 29 вработени на определено време, од кои поголем број се со високо стручно образование, претежно дипломирани инженери агрономи. Овој број секако треба да се зголемува поради големиот број на индивидуални земјоделски стопанства во РСМ, на кои им е потребна стручна советодавна поддршка во нивниот развој. Агенцијата располага со недоволна ИКТ опрема и софверски решенија, фиксен буџет,и во оддредени временски периоди користи техничка поддршка од проекти.

Советодавните услуги во Агенцијата се реализираат со поддршка на специјализирани работни групи по: поледелство, сточарство, лозаро-овоштарство, градинарство, агроекономија, рурален развој, информирање и односи со јавност, родова еднаквост и др. Според потребата се формираат и технички групи, како поддршка за квалитетна реализација на активностите.

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работни места ја има следната организациона структура. Во тек е усогласување на шесте регионални одделенија со осумте плански региони согласно Статутот :

## Организациона структура на АПРЗ




# 7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРЕКУ ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

приоритетни цели:

- зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи;
- заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики;
- унапредување на родовата еднаквост преку обуки за економско јакнење и подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството.

2. ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПОЛИТИКИТЕ ЗА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

приоритетни цели:

- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР);

- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата;
- поддршка и помош на корисниците во изработка на деловни планови, технички предлог проекти, инвестициони и други програми.

3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФАДН

приоритетни цели:
- прибирање на сметководствени податоци;
- внес на сметководствени податоци во базата.

4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

приоритетни цели:
- зголемување на институционалните капацитети преку имплементација на препораките од Функционалната анализа;
- зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето;
- институционално зајакнување преку навремена подготовка и спроведување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, Годишниот план за вработување, Годишниот план за обуки, Годишниот план за ИКТ, Годишниот план за финансиско управување и контрола, Годишната стратегија за управување со ризици, Годишниот план за евиденција и реализација на режиските трошоци, Годишната програма за јавни набавки, Годишната програма за внатрешна ревизија, оценување и известување за постигнатите резултати;
- одржување на постоечката ИКТ инфраструктура и нејзина надградба преку обезбедување на интегрирани софтверски решенија во функција на дигитализација на работните процеси;
- следење и контрола на квалитетно спроведување на ИСО стандардите.

Реализацијата на поставените приоритети во АПРЗ, зависи од повеќе фактори кои делуваат на ефективно и ефикасно спроведување на истите особено во делот на советодавните услуги, како што се: состојбите на теренот, потребите на земјоделските производители, расположивите капацитети, одобрениот буџет, институционалната поддршка, владините приоритети, соработката со проекти и сл.

# 8. ТРАНСВЕР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Реализацијата на трансверот на средствата од Буџетот на Агенцијата се извршува врз основа на трезорското работење со користење на следните сметки:

- редовна буџетска сметка за средства добиени директно од Буџетот, (637);
- посебна сметка за трансвер на средства од приходи од органи (631); реално планиран износ согласно договор со МЗШВ за теренски

активности за ФАДН и други трансвери ( пр. штети од осигурување, рефактурирње и сл.)

- посебна сметка за трансвер на средства од проекти (785)

Поради специфичноста на активностите и ограниченоста на финансиските средства во АПРЗ, се применува групирање на советниците и распределба на активностите при извршување на терен.

Реализацијата на поставените приоритети во АПРЗ зависи од повеќе фактори кои делуваат на успешноста од реализацијата на советодавните услуги, како што се: состојбите на теренот, сопствените можности, одобрениот буџет, институционалната поддршка, соработката со проекти и сл.

# 9. ДЕФИНИРАНИ БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2021 ГОДИНА

АПРЗ, имајќи ја во предвид моменталната состојба во земјоделството, потребата на рационализација на расходите и приоритетот од одделни активности, воведе соодветна организација и приоритетни цели, користејќи ја организационата и функционалната поставеност на АПРЗ.

При дефинирањето на програмите, како основа се земени активностите кои призлегуваат од Годисниот план за работа на АПРЗ согласно Стратшкиот план 2021-2023 год. Во реализација на програмите сите вработени земаат соодветно учество, а тоа произлегува од самата специфичност на одделни активности кои најчесто меѓусебе се надополнуваат со цел намалување на трошоците.

**Буџет 2021 година-буџетски програми-аутпут индикатори**-000 ден

| **Програма** | **подпрограм** | **Назив на Програмата** | **Опис** | **Буџет 637** | **Др. звори 631** | **проект 785** | **Аутпут Индикатори** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 10 | **Админи-Страција** | Организација и управување<br>Плати и надомест.<br>Стоки и услуги<br>Капитални тр | 58.826<br>6.565<br>635 | 3.500 | 1.755 | - Договори со даватели на услуги за редовно функционирање на АПРЗ<br>- Дефинирани и ревидирани интерни акти | 20<br>5 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II | 20 | **Совети**<br>едукација на советниците<br><br>едукација на ЗС<br>поддршка во реализација на владините програми | подобрени знаења и вештини на советниците по специјалности<br><br>Давање стручни советодавни услуги кон ЗС | 1.000 | 1.640 | | - Број на ЗС со дирени контакти<br>- број на земјоделци по советник<br>-Број на ЗС со групни и информативни средби | 4000<br><br>40<br><br>50000 |
| III | 30 | **Систем за мониторинг на фарма** | Мрежа на сметководствени податоци за ЗС ФАДН | | 1.150 | | -Број на ЗС вклучени во ФАДН | 700 |
| **Вкупен Буџет:** | | | | **67.026** | **6.290** | **1.755** | **75.071** | |

Поради рестриктивноста на буџетските средства, можна е флуктуација на финансиските средства при реализација на активностите по програми и потпрограми. АПРЗ презема соодветни мерки за рационализација со оптимално искористување на трошоците, групирање на активностите со минимизирање на финансиските средства и воведување на контролни системи за мониторинг на трошоците.

Во тек се активности кои ќе овозможат соодветни услови за аплицирање на проекти финансирани од други извори (ЕУ фондови) како трансвер на поддршка во земјоделството и руралната средина.

## *9.1.* ПРОГРАМА:10 Администрација-институционално зајакнување

Врз основа на организационата поставеност на АПРЗ овозможува раководење и управување во согласност со специфичностите на секој регион, пришто во изборот на активностите од теренот се води евиденција, контрола и се извршува распределба на правата и обврските, а во насока на поголема економичност и контрола се користи обработка на документацијата на едно место.

Дирекцијата на АПРЗ е со седиште во Битола и има 30 работни единици, групирани во 8 региони. Согласно Новиот Статут работните единици се групираат во 8 региони. Оваа програма ги вклучува активностите и трошоците на секторот за правни и општи работи, секторот за финсиски прашања, самостојните одделенија за внатрешна ревизија и човечки ресурси и останатите режиски трошоци од другите сектори и одделенија..

Заради подобра ефикасност во реализација на програмите функционираат 16 дисперзирани канцеларии во руралните средини. Овие канцеларии се со дефинирано работно време и се од привремен карактер,

имаат програма за работа, а во нив работат советници на АПРЗ од најблиската работна единица.

Реализацијата на програмата резултира со тековни активности согласно закон, владини задолженија и интерни акти за обработка на документација и податоци, нивна дисеминација во дефинирани обрасци и извештаи наменети за интерни и екстерни корисници. Програмата покрај основни и тековни активности можи да резултира и со конкретни мерливи резутати дефинирани во потпрограми. За 2021 се дефинирани следните приоритети:

- зголемување на институционалните капацитети преку имплементација на препораките од Функционалната анализа;
- зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето;
- институционално зајакнување преку навремена подготовка и спроведување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, Годишниот план за вработување, Годишниот план за обуки, Годишниот план за ИКТ, Годишниот план за финансиско управување и контрола, Годишната стратегија за управување со ризици, Годишниот план за евиденција и реализација на режиските трошоци, Годишната програма за јавни набавки, Годишната програма за внатрешна ревизија, оценување и известување за постигнатите резултати;
- одржување на постоечката ИКТ инфраструктура и нејзина надградба преку обезбедување на интегрирани софтверски решенија во функција на дигитализација на работните процеси;

**Аутпут индикатори**:

- Договори со чинители за редовно функционирање на АПРЗ - бројност 20
- Дефинирани и ревидирани интерни акти - бројност 5
- Зголемена ефикасна логистика во поддршка на реализацијата на другите програми и потпрограми согласно примена на законските прописи (работни средби на сите нивоа на вртикална и хоризонтална хиерархија )

## *9.2.* ПРОГРАМА: 20 Совети-Давање советодавни услуги кон ЗС

АПРЗ е директен учесник во давањето на советодавните услуги на терен кај ЗС и нивните здруженија. Советодавната услуга како основна дејност на АПРЗ е дефинирана со Закон. Капацитетите со кои располагаме даваат добра основа за постојано квалитативно и квантитативно надградување и прилагодување на советодавната услуга согласно барањата на ЗС и пазарот.

Соработката помеѓу АПРЗ и другите чинители во секторот земјоделство особено со МЗШВ, мотивираноста за успешна реализација на

заедничките цели, рационалното користење на расположивите ресурси, добрата организација и групирањето на активностите овозможува и економична реализација на поставените задачи произлезени од Годишниот план за работа. АПРЗ со своите ресурси (организациона поставеност, кадровскиот потенцијал, опрема, долгогодишна соработка и доверба со фармерите) има добри предуслови за извршување на поставените задачи.

- **Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство, одржлив развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси**
  - зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи;
  - заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики;
  - унапредување на родовата еднаквост преку обуки за економско јакнење и подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството;
- **Олеснување на пристапот до политиките за поддршка во земјоделството и руралниот развој**
  - обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР);
  - обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата;

поддршка и помош на корисниците во изработка на деловни планови, технички предлог проекти, инвестициони и други програми.

**Аутпут индикатори**:

- навремена информираност со опфат 50.000 ЗС,
- воспоставена редовна соработка со 4.000 земјоделци,
- обезбедени СУ на стручна тема по специјалност кај 40 земјоделци по советник,
- изработени технички предлог проекти и/или бизнис планови за 500 баратели
- 10% застапеност на родовата еднаквост од вкупниот број на корисници согласно програмата

## *9.3.* ПРОГРАМА:30 ФМС-Систем за мониторинг на фарма ФАДН

Програмата е во функција на реализација на активности од Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од ЗС (Сл.весник 110/07, 53/11) која е усогласена со активностите на МЗШВ за воспоставување квалитетен и одржлив систем од сметководствени податоци за фарма вклучувајќи ги и регулативите на европскиот ФАДН.

Оваа програма има повеќегодишен континуитет во спроведување мониторинг на ЗС каде се прибираат податоци за физички и економски параметри од ЗС. За таа цел се прибираат податоци од 774 репрезентативни ЗС.

Стратешките приоритети и цели на АПРЗ во делот на спроведување на програмата се

- прибирање на сметководствени податоци;
- внес на сметководствени податоци во базата.

**Аутпут индикатори**:

- Континуитет и одржливост на прибирање и внес на податоци од 774 земјоделски стопанства

## 10. ИСПОЛНИТЕЛНОСТ НА ПРОГРАМИТЕ

Практичната имплементација на програмите зависи од самата реализација на активностите на ниво на советник, работна единица т.е. регион. Основната интенција е истите да потекнуваат од теренот од реалните потреби на индивидуалните земјоделски производители на регионално ниво, со дефинирање на програмите и подпрограмите кои се ускладуваат со приоритетите и целите на АПРЗ, а во согласност со стратешките приоритети  и целите на Владата на Република Северна Македонија.

Формата за приказ на програмите и потпрограмите на ниво на советник, работна единица, регион и работна група се усогласува со формата и методологијата според содржината на стратешкото планирање на Владата на РСМ. А во основа на тоа  се изработи Годишен план за работа на АПРЗ, која се разгледува и усвојува од страна на Управниот Одбор, истиот се  разгледува на Владата на РСМ.

Реализацијата на активностите се следи во текот на целата година со проценка на индикаторите на успешност, мониторирани од одговорните и работните групи по специјалности, директно и со анализа на изработените периодични извештаи. Мониторингот, анализата и евалуацијата се извршува според  хиерархиските нивоа, истото се разгледува и усвојува од страна на Управниот Одбор.

Одобрените финансиски средства се основен предуслов за извршување на активностите по програмите. Заради оптимално и економично искористување на средствата, се донесуваат програми за заштеда со кои се врши групирање на активностите, особено во делот на теренските активности, при што се минимизираат трошоците за логистика во реализација на програмските задачи. Реализацијата на добрата организација и распределба на активностите, извршителите и финансиите, директно влијае на теренската присутност на

советниците кај ЗС, навременото обострано информирање на земјоделците и советниците, што е основа за обезбедување на квалитетни советодавни услуги,

## 11. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСПРЕДЕЛБА НА БУЏЕТ

Распределбата на средствата е направена врз основа на усвоенн Буџет за 2021 година согласно тоа, изработен е и Годишниот план за работа за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и Финансов план месечен по квартали за 2021 година.

Табела 1. Редовна буџетска сметка 000, ден

| **Аналитички трошоци -Предлог Буџет за 2021 год сметка 637** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **видови расходи** | | | Програми | | |
| **опис** | **ставка** | **637/10 админист.** | **637/20 совети** | **637/30 фмс** | **збир 2021** |
| Осн. плати и надоместоци | 401 | 39.196 | | | 39.196 |
| Придонеси од плата | 402 | 19.630 | | | 19.630 |
| Патни и дневни расходи | 420000 | 70 | | | 70 |
| Електрична енергија | 421110 | 1.665 | | | 1.665 |
| Водовод и канализација | 421120 | 200 | | | 200 |
| Ѓубретарина | 421130 | 200 | | | 200 |
| Централно греење Дебар | 421210 | 15 | | | 15 |
| Течни горива Неготино, Крива паланка ,Виница, Кратово | 421240 | 130 | | | 130 |
| Поштенски услуги | 421310 | 100 | | | 100 |
| Телефон и телефакс мобилни | 421320 | 200 | | | 200 |
| Трош.за комуникација интернет | 421390 | 350 | | | 350 |
| Средства за гориво за теренски активности | 421410 | 400 | 1.000 | | 1.400 |
| СМС пораки за информирање на Земјоделци | 421390 | 50 | | | 50 |
| Регистр. на мотор. Возила | 421420 | 150 | | | 150 |
| Канцел. Потрошен материјал | 423110 | 235 | | | 235 |
| Списанија,. службен весник | 423120 | 30 | | | 30 |
| Материјали за ИКТ тонери | 423210 | 150 | | | 150 |
| Прехра. продукти , напиток | 423410 | 50 | | | 50 |
| Средства за одржување хигиена | 423710 | 70 | | | 70 |
| Попра.сервис- лесни вози | 424110 | 100 | | | 100 |
| Одржување на згради, чистење, | 424210 | 50 | | | 50 |
| Поправка, одржување хардверска и софтверска опрема | 424420 | 50 | | | 50 |
| Поправка и оддржување друга опрема ( лифт - дирекција ) | 424440 | 50 | | | 50 |
| Изнајмув.канцелар.прост, Кичево, Крушево,Пробиштип, Делчево,Струга, | 425110 | 480 | | | 480 |
| Осиг. недвижн. и права, осигурување на објекти и опрема | 425250 | 30 | | | 30 |
| Осиг. на моторни возила | 425260 | 50 | | | 50 |
| Административни услуги, дог. на дело | 425.990 | 300 | | | 300 |
| Други договорни услуги УО, | 425991 | 1.500 | | | 1.500 |
| Репрезентација просек | 426210 | 100 | | | 100 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Објавува. на огласи, конкурси и јавни набавки | 426410 | 60 | | | 60 |
| Капитални расходи - набавка на компјутери И компјутерска опрема | 480000 | 135 | | | 135 |
| Градежни објекти | 481000 | 500 | | | 500 |
| **Вкупен Буџет 2021 (637)** | | **66.026** | **1.000** | | **67.026** |

## Tabela 2. Сметка за други трансвери и самофинансирачки активности

| Аналитички трошоци - Буџет за 2021 год сметка 631 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **ставка** | **10 адм.** | **20 совети** | **30 фмс** | **збир 2021** |
| Патни и дневни расх. | **420000** | | **45** | | **45** |
| ФАДН активности,-МЗШВ гориво | 421410 | | 820 | 800 | 1.620 |
| Канцел. Материјали – др трансвери | 423110 | | 445 | 50 | 495 |
| Поправки и тековно Оддрж. | 424000 | | 135 | | 135 |
| Копир печат, издавање рефактурир | 425920 | | 160 | 200 | 360 |
| Семинари - др.трансвери | 426310 | | 35 | 100 | 135 |
| Набавка на компјутерска опрема | 480000 | 500 | | | 500 |
| Реконструкција на 14 објекти | 481000 | 2.500 | | | 2.500 |
| Набавка на софтвер | 485000 | 500 | | | 500 |
| **Вкупен Буџет 2021 (631)** | **40,42,48** | **3.500** | **1.640** | **1.150** | **6.290** |

## Табела 3. Донаторска сметка IPA проект aGROWchain

| Аналитички трошоци - Буџет за 2021 год сметка 785 во 000 ден | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **ставка** | **785/10 адм** | **20 совети** | **30 фмс** | **Збир** |
| Канцел.потрошен материјал | **423** | **100** | | | **100** |
| Договорни услуги | **425** | **1.655** | | | **1.655** |
| **Вкупен Буџет 2021 (785)** | **42** | **1.755** | | | **1.755** |

## Табела 4. Рекапитулар на вкупните средства

| Буџет за 2021 година - збирно по сметки во 000 ден. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **ставка** | **637** | **631** | **785** | **Вкупно** |
| Плати и придонеси | 401/402 | 58.826 | | | 58.826 |
| Патни и дневни расх. | 420 | 70 | 45 | | 115 |
| Комунали, транспорт,Комуник. | 421 | 4.554 | 1.620 | | 6.174 |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 500 | 495 | 100 | 1.095 |
| Поправки и тековно Оддрж. | 424 | 250 | 135 | | 385 |
| Договорни услуги | 425 | 2.031 | 360 | 1.655 | 4.046 |
| Други тековни расходи | 426 | 160 | 135 | | 295 |
| Купување опрема - компјутери | 480 | 135 | 500 | | 635 |
| Реконструкција на дел.објекти | 481 | 500 | 2.500 | | 3.000 |
| Купување опрема -софтвер | 485 | | 500 | | 500 |
| Купување возила | 486 | | | | |
| **Вкупен Буџет 2020** | | **67.026** | **6.290** | **1.755** | **75.071** |

Раководител на сектор
за финансиски прашања

Весна Илиевска

**Директор/Drejtori**

Elgafar Jusufi

Врз основа на член 24 од Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола, Управниот Одбор по предлог на Директорот на Агенцијата на седницата одржана на ден 17.12.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**За донесување на Предлог – Финансиски План за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството**

член 1

Се донесува Предлог – Финансиски План за 2021 година на Агенцијата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. __- __/__**
**___.___.2020 година**
**Битола**

**Претседател на**
**Управен Одбор**

**Проф. Д-р. Митре Стојановски**